ПРЕВЕНЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ СО РАДИКАЛИЗАЦИЈА КОЈА МОЖЕ ДА ВОДИ КОН НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА И АЛАТКИ ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА И ПОСТАПУВАЊЕ

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

CED Center for Education and Development

NEXUS civil concept

# Препознај, превенирај, постапи


Автори на прирачникот:

***М-р. Афродита Муслиу***

***Д-р. Ивица Симоновски***

*“ОБРАЗОВАНИЕТО Е НАЈМОЌНОТО ОРУЖЈЕ КОЕ МОЖЕТЕ ДА ГО КОРИСТИТЕ ЗА ДА ГО ПРОМЕНИТЕ СВЕТОТ”.*

***- Нелсон Мандела***

# *ИМПРЕСУМ*


Наслов: *ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА И АЛАТКИ ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА И ПОСТАПУВАЊЕ*

Автори: *М-р Афродита Муслиу и Др. Ивица Симоновски*

Издавач: *Центар за истражување и креирање политики*

Лектура на македонски јазик: *Билјана Пепоска*

Печат и дизајн: *Сито Графика*

Број на примероци: *150*

Година: *2019*

*Овој Прирачник беше развиен во рамки на проектот* ***„Едуцирај да превенираш - Зајакнување на наставниот кадар и родителите за градење на отпорност кај младите од насилен екстремизам“,*** *спроведуван од Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП и Центарот за развој на образованието – ЦЕД во соработка со НЕКСУС граѓански концепт. Оваа публикација е подготвена со поддршка на Хедаја Центарот за извонредност за спречување на насилен екстремизам како дел од STRIVE Глобалната програма, преку Инструментот за придонес кон стабилност и мир на Европската унија.*


Hedayah countering violent extremism

Project funded by the EUROPEAN UNION


**Мислењата и ставовите изразени во овој Прирачник ги одразува мислењата и ставовите на авторите на оваа публикација и не ги претставуваат мислењата на Европската унија или друга подржувачка организација.**

# Предговор

Следејќи ги меѓународните[1] и регионални практики во спротивставувањето на радикализацијата која води кон насилен ескстремизам и тероризам, како приоритетни безбедносни предизвици на денешницата и во насока на превентивниот процес, изработен е Прирачник за превенција од радикализација која води до насилен екстремизам за наставниот кадар од средните училишта во Република Македонија (Препознај, Превенирај, Постапи).

Прирачникот ја истакнува важноста на образовните вредности и принципи во спротивставувањето на радикализацијата која води до насилен екстремизам. Холистичкиот и прагматичен пристап во системот на образование може да допринесе за промовирање на толеранција и развој на механизми за „рано препознавање“ на појави и идеологии кои промовираат насилен екстремизам.

Прирачникот е во согласност со основните приоритети на Стратегијата на Република Македонија за превенција од насилен екстремизам за период 2018-2022[2] година и **стратешките цели:** (1) подобрување на способностите и институционалните капацитети за идентификување и мапирање на поединците, групите, и други фактори со радикализирачки ефект врз нивното опкружување, и (2) подобрување на способностите и институционалните капацитети за намалување на ефектите од двигателите на радикализацијата што водат до насилниот **екстремизам и во крајна линија, до терористички активности.**

[1] UNESCO (2016), Водич за наставници во превензија од насилен екстремизам, hp://unesdoc.unesco.org/images/0024/002446/244676e.pdf.

[2] Националната стратегијата на РМ за справување со насилен екстремизам 2018-2022. стр 34. http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/sne_nacionalna_strategija_2018.pdf

Основната методолошка алатка во изработка на Прирачникот е анализа на позитивни меѓународни практики во спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата усвоени во другите земји, а прилагодени и интегрирани на образовниот контекст на Република Македонија. Овој прирачник е дел од активностите на проектот „Едуцирај за да превенираш“ во рамки на кои заради обезбедување релевантност во различни географски и социо-културни контексти, претходно беше реализиран истражувачки процес во неколку средни училишта во Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар врз основа на што е изготвена и основна студија.

# Вовед

Заканата од насилниот екстремизам и радикализацијата која води до насилство се предизвици и феномени со меѓународна димензија од кои не е изземен и регионот на Западен Балкан, вклучително и Република Македонија. Гледајќи низ призмата на верските двигатели за развој на екстремизмот и радикализацијата, факт е дека вирусот наречен "странски терористички борци" не ја одмина Република Македонија. Потврда за тоа е големата бројка на заминати и вратени странски борци во/од конфликтните зони во Сирија и Ирак во изминатите години, главно млада популација, индоктринирана и радикализирана под влијание на различни фактори и причини. Од голема важност е да истакне политичкиот екстремизам кој може да биде крајно десничарски и крајно левичарски. Иако постојат разлики помеѓу нив, екстремната десница и екстремната левица се доста сродни по следните карактеристики: негирање на демократија и нејзините инструменти за толеранција, парламентаризам и легализам и она што е најопасно – примената на насилство како метод на делување. Додека социјализмот, анархизмот, екологизмот и феминизмот претставуваат идеолошка база која ја преодредува екстремната левица, фашизмот, национализмот, религискиот фундаментализам и конзервативизам можат да бидат идеолошка основа од која ќе се развива екстремната десница. Во начинот на остварување на нивните цели можат да применат методи на насилство, па дури и акти на тероризам.Овие глобални феномени можат да ја поткопаат стабилноста на секоја држава, особено мултинационалните, со повремено поларизирање и поделби, најчесто на меѓуетнички и верски план, кој претставува специфика за нашето поднебје. Во тие мултикултурни и мултиетнички општества како што е Македонија може да дојде до зголемување на етничката одалеченост преку етно-национализам и религија предизвикувајќи сложен соживот кој може да доведе до појава на радикални ставови кај некои групи или поединци.

Манифестацијата на овие феномени не познава дискриминација по било каква основа, но искуствата покажуваат дека младата популација како најранлива може да биде лесна „таргет“ група која подлегнува на пораките на насилните екстремисти и терористичките организации. Оттука, формалното образование како социјална институција има клучна улога на влијание и развој на позитивни особини, вредности и можности за развивање на знаења, вештини и ставови кај младите кои ќе им помогнат да изградат отпорност кон екстремистичката пропаганда.

Изработкта на Прирачникот “Препознај, Превенирај, Постапи” има за цел да го поттикне наставниот кадар во разбирањето и препознавањето на горенаведените глобални феномени, намалувајќи ги или минимизирајќи ги штетните последици по истите.

Прирачникот нуди поддршка и насока за наставниот кадар во средните училишта за препознавање на рани знаци на екстремно однесување и радикализација кај учениците, прикажувајќи корисни, практични совети и опции за одговор на соодветен педагошки и професионален начин кон конкретните предизвици и ситуации.



*„Никој не се раѓа со омраза кон друга личност само поради тоа што таа личност има различна боја на кожа, различно потекло или различна религија. Луѓето учат како да мразат, тие можат да бидат подучувани и како да сакаат, сакањето е поприродно за срцето на човекот отколку спротивно.“*

**- Нелсон Мандела**

# Методологија

Прирачникот за наставници во средните училишта и алатките за рана детекција и постапување е изработен од  тим од двајца стручни експерти за превенција и справување на насилниот екстремизам, и истиот е одобрен од донаторот на проектот Центарот за извонредност Хедаја од Абу Даби, Арапските Емирати и од Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука (МОН) на Република Северна Македонија.

Изготвувањето на причарникот е во рамки на проектот **„Едуцирај да превенираш -Зајакнување на наставниот кадар и родителите за градење на отпорност кај младите од насилен екстремизам”.** Истиот го реализира Центарот за истражување и креирање политики од Скопје во копартнерство со Центарот за развој на образованието од Теарце и Здружението на граѓани  НЕКСУС – Граѓански концепт од Скопје.

Главната цел на проектот е да се развие отпорност кај заедницата од радикализација и насилен екстремизам. Специфични цели на поектот се: 1) Да го поттикне наставниот кадар и родителите на учениците да ги препознаат раните знаци на радикализација; 2) Да се подигне свеста во училиштата за ризиците на интернетот и користење на образованието за да се зголеми отпорноста против екстремистичката пропаганда и регрутирањето; 3) Зајакнување на капацитетите на општините за воспоставување на систем за рано предупредување за радикализација.

Преку реализацијата на овие цели се очекуваат следните резултати: 1) Изградени капацитети на наставниот кадар  и родителите за потребата на препознавање на раните знаци на радикализација; 2) Зајакнување на наставниот кадар и отпорност кај учениците против екстремистичката пропаганда и регрутирањето; 3) Развиен систем за превентивен насилен екстремизам за потребите на општините за рано откривање на радикализацијата.

Во рамки на проектот, предвидени се следните активности:

- ✓ Изработка на основна студија и анализа;
- ✓ Развој на проценката за потребите на наставниот кадар;

- ✓ Изработка на водич и алатки за рано откривање на знаци на радикализација;
- ✓ Градење на капацитети (програми за обука, обука) на наставниот кадар, родителите и општинските службеници;
- ✓ Развој на систем за рано предупредување и пренасочување на идентификуваните проблеми (,референтни системи,) на општинско ниво;

Врз основа на заклучоците од основната студија на перцепциите на наставниците, педагозите и психолозите за феноменот на радикализација кој може да води до насилен екстремизам спроведена во периодот Мај-Јуни 2018 година, вклучувајќи 505 наставници од 22 средни училишта во регионот на Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар, се пројави потреба од изготвување на овој Прирачник за наставниците во средните училишта кои ќе овозможи полесно и побрзо препознавање на раните знаци на радикализација кај учениците. Воедно Прирачникот нуди алатки за правилно постапување со цел превенирање на процесот на радикализација кој може да води до насилен екстремизам.

Прирачникот во својата содржина ги дефинира специфичните цели кои треба да бидат исполнети: 1) Подигнување на свеста кај наставниот кадар за ризиците од радикализација; 2) запознавање со ризиците и факторите кои би можеле да ги направат младите подложни на радиказлиација која води до насилство; 3) Понуда на алатки за наставниот кадар за идентификувањена рани знаци на радикализација која води кон насилство; и други цели предвидени со Прирачникот.

Прирачникот ги дефинира основните поими со кои наставниот кадар треба да биде запознаен при проценката и идентификувањето на раните знаци на радикализација кај учениците. Во корелација со основната студија и анализа, утврдени се факторите за радикализација кои можат да водат кон насилен екстремизам.

Во зависност од поделбата во фазите на промените во однесувањето на учениците, како: Проблематично однесување, загрижувачко однесување и алармантно однесување, Прирачникот нуди сет на индикатори кои ќе му овозможат на наставниот кадар полесно да ги препознае промените во однесувањето кај учениците и да ги идентификува соодветно со секоја од фазите. Индикаторите претставени во овој прирачник, можат да се земат во предвид како можни знаци за процес на радикализација кој води кон насилен екстремизам доколку индивидуата манифестира комбинација од неколку индикатори во исто време или во континуиран одреден период. Исто така, овие индикатори

не треба да ја заменуваат целосната евалуација на процесот на идентификација на една радикализирана индивидуа, и не треба да се земаат како единствен извор по кој ќе се носат заклучоци.

Преземајќи ја улогата на dominuslitis, наставникот треба да покрене сопствена иницијатива за отстранување на ваквите појави. Покрај стандардните наставни насоки, наставниците треба да создадат погодни услови и безбедна средина за учење и за отворени дискусии за прашања поврзани со тековните владини политики, разни контроверзни прашања, и теми како радикализацијата која води до насилен екстремизам и тероризам. Прирачникот нуди сет на Протоколи за постапување при препознавање на различното однесување на ученикот за секоја фаза одделно и примери со совети како наставниците би требало да постапуваат доколку во одредени ситуации во училницата и училиштето се случуваат работи кои можат да доведат до конфликти и насилство инпомеѓу поединци или одредена група на ученици

# Цел

Клучната цел на овој прирачник е да се подигне свеста на образовниот кадар и институциите кои работат на ова поле, да помагаат во заедницата и да изградат институционален капацитет за подобро решавање на предизвиците со кои се соочуваат. Поконкретно, да се подигне свеста кај образовниот кадар и родителите за ризиците од радикализација која може да води до насилен екстремизам, преку овозможување знаења и ресурси, за да помогнат да се заштитат учениците од тие ризици. Овој прирачник е во согласност со «Националната стратегијата на РМ за справување со насилен екстремизам 2018-2022” која ја нагласува потребата за подготвеност и отпорност на локално и национално ниво преку раното предупредување со вклучување на образованиот кадар во раната идентификација на радикализацијата кај учениците, овој прирачник нуди начини да им служи за оваа цел.

Едукативните програми, иницијативи и активности за превенција и справување со радикализацијата која води до насилен екстремизам треба да почитуваат, негуваат и развиваат социјална правда, интеркултурализам и почитување на универзалните човекови права.

## Специфични цели на прирачникот

- ✓ подигнување на свеста кај наставниот кадар за ризиците од радикализацијата која води до насилен екстремизам;

- ✓ запознавање со ризиците и факторите кои би можеле да ги направат младите подложни на радикализација која води до насилство;
- ✓ поттик за развивање пракса кај наставниците да стимулираат дебата и дискусија за темите на насилен екстремизам и радикализација; да промовира толеранција, кохезија на заедницата и споделени вредности во општеството, со цел создавање позитивна клима за отворен разговор и критичко размислување;

- понуда на алатка за наставниот кадар за идентификување на рани знаци на радикализација која води до насилство;
- претставување на претпоставени сценарија со кои може да се соочи наставниот кадар и опции за преземање акции за постапување по конретен случај;
- Надминување (кршење) на погрешната перцепција и митови за насилниот екстремизам со разбирање на пристапот „Не наштетувај“;
- Разбирање на разликите помеѓу тврдиот и мекиот пристап и значењето на спречувањето на насилниот екстремизам.

## Целна група

- Наставниот кадар во училиштата
- Друг воспитен и педагошки кадар за поддршка во училиштата (психолози, социолози, дефектолози и др.)
- Совет на родители.



# Поими, дефиниции и причини за радикализација која води до насилство

Не постојат конзистентни и општо прифатени дефиниции за екстремизам, насилен екстремизам, радикализција и радикализција која води кон насилство. Подолу се дадени дефинициите признати од УНЕСКО[3] и од други релевантни автори[4], и истите се со цел да им овозможи на наставниот кадар полесно да ги разберат поимите и процесите на радикализација кои водат до насилен екстремизам.

| | |
|---|---|
| **Екстремизам** | *Верување и поддржување на идеи кои се многу далеку од она што повеќето луѓе мислат дека е коректно или разумно. Поради тоа, „екстремизмот“ се однесува на ставови или однесување за кое се смета дека се надвор од нормите.* |
| **Насилен екстремизам** | *Насилен екстремизам се однесува на верувања и акции на лица кои поддржуваат или користат насилство за остварување на идеолошки, верски или политички цели.* |
| **Радикализација** | *Радикализација е процес низ кој поединецот/групата ги прифаќа екстремните социјални, политички или религиски ставови, односно идеологија преку која се настојува да се изврши значајна промена во општеството.* |
| **Радикализација која води до насилен екстремизам** | *Процес преку кој поединец или група размислува за употреба на насилство како легитимно и посакувано средство за дејствување со цел да се изврши значајна промена во општеството.* |

[3] UNESCO (2016), A Teacher's Guideon the Prevention ofViolentExtremism http://unesdoc.unesco.org/images/0024/002446/244676e.pdf

[4] Schmid, Radicalisation, De-Radicalisation and Counter-Radicalisation, 26.https://www.icct.nl/download/file/ICCT-Schmid-Radicalisation-De-Radicalisation-Counter-Radicalisation-March-2013.pdf

| | |
|---|---|
| **Индоктринација** | *Усвојување на определена доктрина (верувања), настојување на некоја организирана сила да наметне определени сфаќања, верувања и начини на однесување.* |
| **Тероризам** | *Процес на насилно однесување на поединци и групи што се должи на политички или идеолошки мотиви, насочено кон уништување, оштетување и заплашување на луѓето и критичната инфраструктура, со значителни негативни последици.* |

| | |
|---|---|
| **Фактори на туркање (push factors)** | *Фактори на туркање се негативните социјални, културни и политички карактеристики на нечие општествено опкружување, кои помагаат во „туркање“ на ранливите поединци на патот на насилен екстремизам.* |
| **Фактори на повлекување pull factors)** | *Фактори на повлекување се оние кои покажуваат „позитивни карактеристики и придобивки на [насилна] екстремистичка организација која ги „повлекува“ ранливите поединци да се приклучат.* |

# Причини - фактори за радикализација која води до насилство

Постојат различни причини и фактори за поттикнување на насилен екстремизам и радикализција која води кон насилство, и не постои единствен индикатор кој со извесност открива дека една личност е ранлива. Традиционално, двигателите на насилниот екстремизам се поделени во две категории: Фактори на туркање (Push factors) и фактори на повлекување (Pull factors), кои мора да се согледуваат и решаваат во контекст на превенцијата. Разбирањето на овие фактори е важно како би се избегнало генерализирање кое може да предизвика етикетирање на цела популација, да создаде чувство на колективно незадоволство, или дополнително да стимулира насилни екстремистички ставови.

***Фактори на туркање (Push Factors)*** вклучуваат: социјални, политички и економски поплаки; чувство на неправда и дискриминација; лична криза и трагедии; фрустрација; отуѓување; фасцинација со насилство; потрага по одговори на смислата на животот; љубопитност; криза на идентитет; социјална исклученост; маргинализација; негирање на права и граѓански слободи; историски наративи; разочарување со демократските процеси; поларизација итн.

***Фактори на повлекување (Pull Factors)*** вклучуваат: лична потрага, чувство на припадност кон некоја група кои овозможуваат разни користи при зачленувањето или учеството во нив: вработување, пари, или друга материјална корист, ветување на поголеми идеали покрај материјалните - слобода, авантура, духовна удобност, идеологија или социјална мрежа; моќ и контрола; чувство на лојалност и посветеност; чувство на возбуда и авантура; романтизиран поглед на идеологијата и причината; можноста за хероизам, личен откуп, изобличување и злоупотреба на верувања, политички идеологии и етнички и културни разлики (привлекување на едноставни светски ставови кои го делат светот на «нас наспроти нив») итн.

Во основа, процесот на радикализација кај младата популација може да има неколку фактори: доживување на релативна депривација, фактори поврзани со идентитетот, како што се дискриминацијата, инклузивноста и интеграцијата, неизвесност и перцепирана физичка или симболичка закана. Овие основни фактори во одреден степен се важни за различни радикални групи. Тие ги сочинуваат психолошките и структурните услови кои го




**Илустрација 1**
Фактори на повлекување и туркање

потикнуваат процесот на радикализација. И покрај тоа што овие основни фактори водат кон лична фрустрација, не секогаш ја прават индивидуата ранлива до степен да се радикализира и да презема акти на насилство. За да може спротивното, потребно е да се направи подлабока анализа.

***Структурални фактори*** кои делуват како причина за зголемување на погодноста за развој на насилен екстремизам се исто така важни: слабо државно уредување, недостаток на владеење на правото, корупција и криминал, особено кога се комбинираат со неколку други елементи. Овие фактори се сложени, повеќекратни, меѓусебно испреплетени и тесно поврзани со структурните елементи на животната средина кои можат да ја поттикнат радикализацијата и насилниот екстремизам. Најчесто се работи за комбинација од наведените фактори, но едукацијата, информираноста и упатеноста во причините за радикализација која води до насилен екстремизам, можат да бидат првите чекори кон спротивставување на овој феномен.




**Илустрација 2** Структурни (општествени) фактори што поттикнуваат радикализација

Овие фактори не би смеело да се разгледуваат индивидуално и засебно. Во содејство треба да се земат во предвид и индивидуалните фактори (Оттуѓеност и ексклузија, лутина и фрустрација, лични слабости, потрага по сопствениот идентитет и достоинство, освета поради претходно доживеани трауми,омаловажувања, непочитување и злоставување, итн.) кои допринесуваат за радикализација на лицата.

# Улога на образованието и наставниот кадар во превенција од радикализација која води до насилство

## УЛОГАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Радикализацијата и насилниот екстремизам се комплексна тема. Од овие причини, тешко е да се најде една формула за нивно решавање. Подигнувањето на свеста кај наставниците треба да доведе до препознавање на рани знаци на девијантно и невообичаено однесување на учениците, следење на состојбите со цел истите да не посегнат по насилни и екстремистички активности како и преземање на соодветни мерки и активности со цел нивно одвраќање. Превенцијата на радикализација која води до насилен екстремизам бара зајакната соработка помеѓу учениците, наставниците, училишниот менаџмент и родителите. Оттука, потребата од вклученост на образованието е неминовна, како прв и најефективен начин во превенција и спротивставување, односно најдобра и ненасилна метода која поттикнува промени. О**бразованието нуди проактивни мерки кои се релативно евтини во борбата против развојот на екстремистички погледи, и потребно е да се посвети повеќе внимание на училиштата во превенцијата и спротивставувањето со овие феномени.**

Во РМ овој проблем не го добива потребното внимание, и се нагласува потребата од континуирани напори за потенцијални надградби на наставниот кадар, како и за институционалната поставеност.

Образованието само по себе не може да ги спречи поединците да прибегнат кон насилен екстремизам и радикализација, но може да превенира

одржување на средина погодна за развој на овие феномени. За да се постигне тоа, училиштата треба:

- ✓ да бидат безбедни простори каде учениците ќе можат отворено да дебатираат и разговараат за чувствителни политички, религиозни и други прашања;
- ✓ да обезбедат инклузивност и еднаквост во образованието, како и почитување на човековите права, без оглед на етничката припадност, религијата или националноста.

Генерално, образованието (формално и неформално) има потенцијал преку користење на меки мерки да им помогне на младите во насока на:

- ✓ развивање на отпорност кон екстремистички наративи, како и стекнување на социјално емоционални вештини кои можат да им помогнат на младите критички да ја анализираат содржината на наративите, да бидат отворени за разновидност и конструктивно да придонесуваат кон општеството, без прибегнување кон насилство (преку вештини, критичко размислување и медиумска писменост);
- ✓ развивање комуникациски и интерпесонални вештини потребни за дијалог и наоѓање компромис за мирен пристап кон промените;
- ✓ поттикнување и промовирање вештини за критичко мислење;
- ✓ промовирање толеранција и почитување, темелено на мир и дијалог;
- ✓ медиумска писменост како би се осигурало дека младите ќе можат ефикасно да процесираат, филтрираат и анализираат големи количини информации достапни на интернет;
- ✓ чувство на заедничка граѓанска одговорност и ангажираност,
- ✓ активна работа и осмислување на едукативни програми кои ќе допринесат за сфаќање на екстремизмот и радикализмот како непожелни и негативни облици на однесување.

Способноста да се преземат проактивни мерки за да се спречи радикализација на младите лежи во централните и локалните владини институции, безбедносните институции, верските заедници, како и училиштата кои бараат подобри начини за борба против радикализација и насилен екстремизам кај младите. Крајната цел треба да биде зајакнување на отпорноста кон ова прашање во рамките на образовниот систем на Р. Македонија.

## УЛОГАТА НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Улогата на наставниците во овој превентивен дел главно е во фокусот на безбедноста на децата и младите. Наставниците и другиот училишен кадар се во клучна позиција да ги заштитат учениците од радикализацијата и екстремистичките влијанија и покрај улогата која тие ја имаат во заштитата на своите ученици во општа смисла (малтретирање, употреба на дрога, сексуална експлоатација и слично). Нивната улога главно е образовна, а не супервизорска. Бидејќи наставниците се во директен контакт со младите, слободно може да се каже дека претставуваат модел за промени, како и медијатори кои го промовираат дијалогот и ја поттикнуваат меѓусебната почит. Понатаму, улогата на наставникот додека е во училницата е улога на олеснувач (фасилитатор), поддржувајќи ги учениците додека учат да ги оценуваат доказите, да преговараат, да донесуваат информирани одлуки, да решаваат проблеми и да работат, како самостојно, така и со другите.

Насочени кон своите цели, учениците често пати можат да го сменат своето однесување посегнувајќи по активности кои не биле својствени за нив во изминатиот период.

Во такви околности, наставникот ја има улогата на *dominus litis* во училницата и училишната околина. Познавајќи ги учениците, тој треба да го препознае секое нивно девијантно, несекојдневно и невообичаено однесување. Да ја следи ситуацијата, притоа истражувајќи ги причините за нивно настанување. Врз основа на тоа, наставникот треба да преземе активности кои ќе придонесат за градење на ненасилна училишна култура помеѓу учениците, одвраќајки ги од употреба на акти на насилство. Преземањето на активностите од страна на наставникот како и типот на активностите не треба да предизвикаат обратен ефект. За таа цел секако дека е потребна висока свест кај наставниците. Секако дека наставниците не можат сами да го спречат насилството, екстремизмот и радикализацијата во училиштето, но целата училишна заедница треба да се здружи за да постигне договор за донесување на силна и јасна порака дека овие појави се неприфатливи во училиштето.

# Процес на радикализација кај младата популација

Радикализацијата кај младите вообичаено се случува во текот на еден подолг временски период. Но, во некои случаи таа може да се случи и многу побрзо, како резултат на одреден инцидент или недобра вест. Знаците на радикализација, понекогаш кај младите се манифестираат на многу јасен и предупредувачки начин, но има и случаи кога промените кои настануваат кај децата како резултат на процесот, се многу малку видливи, па дури и воопшто. Исто така, важно е да се напомене дека и извршувањето на конкретни акти на насилство можат да се случат многу побрзо, односно за неколку дена.

Тинејџерските години се време на големи промени и младите често пати имаат потреба да бидат сами, лесно и брзо се лутат и најчесто не се отвораат за разговор, особено кога нешто ги тишти. Ваквите измешани манифестирања во голема мера го отежнуваат диференцирањето помеѓу нормалното однесување на тинејџерите и промените во однесувањата што покажуваат дека можеби детето е изложено на радикални влијанија.

Младата популација се смета за една од најранливите групи на лица кои лесно потпаѓаат под влијание на одередени радикални групи кои практикуваат насислтво и екстремизам. Желбата за припадност во одредена група, потрагата по идентитет, разочарувањето од институциите, социјалниот и фамилијарен статус, потрага по возбуда и авантура е тоа што младите ги прави многу ранливи да потпаднат под разни влијанија и прифатат дури и насилни активнсти со цел да ги исполнат своите очекувања и идеали. Најчесто, манипулацијата врз младите е на индивидуална емоционална основа, каде лицата т.н. регрутери

ги бираат младите кои во моментот имаат некаква грижа за нешто изгубено, лоши односи или несогласувања со родителите и во училиштето, чувство дека не се сакани од двете страни, немање доволни финансии, немање друштво, чувство на неприпадност во заедницата, чувство на изгубена надеж дека постои иднина за нив, чувство на лична неправда и слично.

## Индикатори за рано препознавање на знаци на радикализација

Наставниците играат клучна улога во превенцијата од радикализацијата која води до насилен екстремизам. Важно е да се запамети дека не постои индкатор или сет на пропишани индикатори кои можат да одредат дали индивидуата е радикализирана. Исто така, важно е да се напомене дека без разлика на културната или религиозната припадност, било која индивидуа или ученик може да подлегне на процесот на радикализација која води до насилство.

Фазите претставени подолу се само сет на индикатори кои ги прават младите ранливи на радикализација и истите се претставени во локален контекст. Од огромна важност е наставниците навреме и точно да ги препознаат раните знаци кои ги прават учениците ранливи на радикализација која води до насилство, за да можат навреме да реагираат и го спречат понатамошниот процес на радикализација. Фазите се поделени во три категории врз база на степенот на промени во однесувањето на учениците за време на училишниот период. Знаците за идентификација на радикализација која води до насилство испишани подолу, треба да се земат само како упатство, не претставуваат целокупна оценка за степенот на радикализација на индивидуата. Совет до наставниците е професионално да расудуваат при оценувањето на ранливоста на учениците, како и евентуалните промени кои ќе ги забележат кај учениците да ги следат одреден период пред да постапуваат.

Активностите кои ќе ги преземат наставниците не смеат и не треба да предизвикуваат обратен ефект. За таа цел, наставникот треба да го познава својот ученик, да го препознае секое девијантно, несекојдневно и нелогично однесување и врз основа на тоа да преземе сет на мерки кои нема да предизвикуваат повредувачки ефекти. Да внимава да не допринесе до дискриминација на ученикот по религиска, расна или етничка основа, негово омаловажување, истакнување како проблем, исфрлање на ученикот од колективот и слично. Наставниците треба да имаат силно влијание врз ученици со цел да им помогнат да се чувствуваат сигурни и горди на себе и на нивните достигнувања. Воедно да им помогнат да се чувствуваат доволно сигурни дека се спремни и способни да научат нови работи.

1

## ПРВА ФАЗА - ПРОБЛЕМАТИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ

*Оваа категорија ги карактеризира индивидуалните однесувања кои ги претставуваат моментите за самоидентификација и каде поединецот започнува ненадејно да го менува своето однесување, но и физички изглед.*

Ученикот покажува интерес за теми од политичка природа и притоа се обидува да го брани неговиот изграден став пред неговото семејство и во училиштето;

Ученикот преку промена на надворешниот изглед (специфични тетоважи, традиционална облека, бричена глава, специфична брада, црн лак на нокти кај машки деца, религиозни симболи, идеолошки симболи, итн.) го изразува својот идентитет или чувство на припадност

Ученикот активно започнува да артикулира ставови на социјалните медиуми за дневно политички теми во државата, регионот и во светски рамки;

Ученикот покажува желба за приклучување во политички здруженија, идеолошки и религиозни групи, конвертира во друга религија;

Ученикот изразува потреба за возбудливи или авантуристички доживувања;

Изразува конкретни ставови по однос на поларизација на општеството на социјална, партиска, етничка, религиска и расна основа;

Излегува надвор од семејна и училишна атмосфера, станува незаинтересиран за спортски и други училишни активности, се повлекува, ги менува своите навики, се чувствува отфрлен и започнува да се изолира;

2

## ВТОРА ФАЗА - ЗАГРИЖУВАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

*Оваа категорија опфаќа група на однесувања кои би можеле да се поврзат со почетоците на ангажирање на индивидуата во процесот на радикализација. Карактеристично за оваа група е веќе вградената недоверба кон надворешниот свет, преовладување на ставовите кои ја легитимизираат употребата на насилство за постигнување на своите цели или бранење на одредена кауза за која е спремен/на да се бори и/или да ја брани*

Активно чита, проповеда и раздава религиозни и идеолошки ставови и литература во семејството, соседството и училиштето;

Ги отфрла правилата во училиштето и одбива да учествува во групни активности или да комуницира со одредени лица поради нивната религија, етникум, пол или сексуална ориентација;

Изразува потреба да доминира или да ги контролира другите и да создаде приврзаници;

Ги прекинува односите со семејството и училиштето со цел да го сокрие и задржи новиот начин на живеење и круг на познаници т.е. новото друштво;

Отворено зборува за оправданоста од употреба на насилство во заштита на одредена кауза при што станува поблизок со насилници и екстремисти;

Манифестира припадност на познати насилнички и екстремистички групи при што изразува омраза кон други поединци и групи;

Изразува опседнатост со крајот на светот, коментира пророштва од верската литература, опседнатост со историски личности карактеризирани по злосторства на човештвото

## 3

## ТРЕТА ФАЗА - АЛАРМАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ

*Во оваа категорија се вклучени различни однесувања кои ја потврдуваат подготвеноста на индивидуата да го согледува насилството како единствена легитимна основа и валидно средство за делување.*

Учествува или иницира акти на насилно однесување во училиште или за време на спортски натпревари во училиштето, во соседството и во семејството;

Покажува интерес и се распрашува кај наставниците по физика, хемија и биологија како да користи специфични елементи со кои може да направи експлозивна направа или смртоносно оружје;

**Како наставник, вие најдобро ги познавате вашите ученици, и вие сте во најдобра позиција да знаете дали тие манифестираат промени и невообичаено однесување. Верувајте во себе и во вашиот професионален суд и побарајте совет доколку нешто не е во ред и доколку не сте сигурни во вашето расудување.**

Зема учество во кампањи на собирање финансиски средства за потребите на насилничката и екстремистичката група на кои им припаѓа;

Повикува други ученици да се придружат на насилничката и екстремистичката група и ги поттикнува за активности за каузата;

Контактира и делува за потребите на позната насилничка и екстремистичка група преку добивање инструкции од регрутери и водачи;

Учествува во патување и активности (идеолошко - религиски кампови, спортски натпревари како дел од навивачка група, меѓународни кружоци на група од иста идеолошка основа) за потребите на насилничката и екстремистичката група надвор од местото на живеење;

Прави план за патување во зони каде насилните екстремистички групи се активни, во нестабилни региони или во зони на конфликт

***Важно е да се напомене дека овие индикатори можат да се земат предвид како можни знаци за процес на радикализација која води кон насилен екстремизам тогаш, и само тогаш кога индивидуата манифестира комбинација од неколку индикатори во исто време или во континуиран временски период. Исто така, не треба да ја заменуваат целосната евалуација на процесот на идентификација на една радикализирана индивидуа, и секако не треба да се земаат како единствен извор по кој ќе се носат заклучоци.***

# Протоколи за превенција од радикализација

## ПРОТОКОЛ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД РАДИКАЛИЗАЦИЈА ВО ПРВА ФАЗА “ПРОБЛЕМАТИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ”

### “Улога на наставникот како *dominus litis*”

Невообичаеното и проблематично однесување на ученикот треба да биде препознаено од страна на наставникот уште во рана фаза. Во оваа фаза наставникот треба да ја преземе улогата на *dominus litis* и да покрене сопствена иницијатива за отстранување на ваквите појави.

Покрај стандардните наставни насоки, наставниците треба да создадат погодни услови и безбедна средина за учење[5] и за отворени дискусии за прашања поврзани со тековните владини политики, разни контроверзни прашања, и теми како радикализацијата која води до насилен екстремизам и тероризам. Во прво време, можеби ваквите прашања ќе им бидат тешки на младите да ги разберат и да се справат со нив, но сепак тие не треба да се држат настрана од овие теми, туку напротив, треба да ги преиспитуваат своите емоции и да расчистуваат со нив, и да научат да размислуваат и расудуваат за себе, што им дава можност да придонесуваат за општествените промени како совесни граѓани.

Целокупното однесување на учениците и интеракцијата со врсниците и наставниците треба да се разгледува преку холистички (сеопфатен) пристап. Постојат ситуации кога интервенцијата е витална

[5] Закон за наставници во основните и средните училишта КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017)

и неопходна. Поттикнувањето на развојот на критичкото мислење е од суштинско значење за развојот на учениците и треба да се земе предвид при одлучувањето за интервенција.

Со активно учество во вакви дебати, младите луѓе учат како да аргументираат, да расудуваат, да ги почитуваат мислењата на другите, да размислуваат за различни ставови и да ги решаваат конфликтите. Овие вештини ќе им овозможат да стекнат самодоверба и изградат отпорностза управување со конфликти, со кои секојдневно ќе се среќаваат во нивниот живот било дома, надвор или во нивната локална заедница, така икако одговор на глобалните проблеми и закани од екстремистичките и терористичките идеи.

Затоа во продолжение, преку конкретни предизвици и акции, ќе им помогнеме на наставниците да ги направат своите училници безбедни места за слободно и отворено дискутирање на контроверзните прашања и теми. (види анекс 1)

**„Контроверзните прашања претставуваат вредни можности за одржување важни разговори во училницата, бидејќи вредностите и идеите се истражуваат во безбеден простор.“**

***ОКСФАМ (Учење на контраверзни прашања)***

## Предложени активности за наставникот при детекција на проблематично однесување:

- ✓ Задолжете ги учениците да ги постават правилата и одговорностите во училницата;
- ✓ Отворено разговарајте со учениците за насилството, радикализацијата, екстремизмот и тероризмот како и последиците од нив;
- ✓ Учете ги учениците за нивните права, како и за правата на нивните врсници, наставници, членовите на нивните семејства и членовите на заедницата;
- ✓ Применувајте дисциплински мерки што се поучни, а не казнени;
- ✓ Отворено дискутирајте со учениците за теми кои можат да поттикнат насилство;
- ✓ Отворено зборувајте за различностите во религиите и верувањата;
- ✓ Поставете прашање на учениците: Кои специфични права не се почитуваат за време на актите на насилство?;
- ✓ Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство;

- ✓ Предложете начини со кои ќе се крене свеста за човековите права во училиштето и промовирајте почитување на разликите, на пример преку дебати, настава во природа, игри, играње на улоги и раскажување приказни;
- ✓ Предложете им на учениците да формираат клуб против насилство;
- ✓ Помогнете им да организираат активности за промовирање на мирна кампања и безбедна училишна средина за сите;
- ✓ Одвојте време по наставата или за време на одморот да разговарате за лошото однесување – зошто настанало и што треба да се преземе за да се поправи;
- ✓ Започнете дискусија користејќи ги следните фрази:
  - *Што се случува тука?*
  - *Што е тоа интересно што се случува таму?*
  - *За што се расправавме?*
  - *Зошто и како се појави овој проблем?*
  - *Дали некој ќе ми каже некој убав збор за својот другар?*
  - *Што мислите вие за вашите другари?*
  - *Ајде да зборуваме за човековите права и слободи денес?*
  - *Зошто мислите дека е потребно да имаме дискусија за тоа?*
- ✓ Бидете набљудувач и слушател!
- ✓ Направете симулација на насилство и увидете ги последиците!
- ✓ Не отфрлајте и не ги прекинувајте учениците во поставувањето на прашањата!
- ✓ Бидете подготвени и демонстрирајте толеранција на коментари различни од вашите!
- ✓ Залагајте се за механизми за пријавување (стручна служба или on line) што ќе ги поттикнат учениците да проговорат против знаци на радикализација и насилството.
- ✓ Иницирајте креирање на on-line платформа за едукација и превенција од радикализација и насилство наменета за учениците.

Наставникот треба да ја анализира сериозноста на ситуацијата, истата да ја следи одреден период и зависно од ситуацијата, доколку нема подобрување, треба да одлучи дали ќе го прати ученикот кај педагогот, психологот или директорот на училиштето, или пак да го повика родителот на детето на информативен разговор со цел запознавање и укажување со настанатата ситуација.

# ПРОТОКОЛ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД РАДИКАЛИЗАЦИЈА ВО ВТОРАТА ФАЗА “ЗАГРИЖУВАЧКО ОДНЕСУВАЊЕ”

Како што е наведено и во објаснувањето, во оваа фаза можат да се забележат одредени девијантни појави во однесувањето на ученикот. Активностите на учениците во оваа фаза се наоѓаат на тенката линија помеѓу легалното и нелегалното. Меѓутоа, секоја активност е невообичаена и надвор од нормалното однесување на учениците. Инертноста или неангажираноста на наставниот кадар во оваа фаза може да доведе до метастазирање на појавата. Тука наставникот мора и треба да ги забележи првите знаци на радикално однесување на ученикот. Не секогаш, но може да се појави ситуација кога девијантните активности на ученикот можат да бидат забележани директно според индикаторите од втората фаза. Во оваа фаза, не секогаш наставникот може да биде dominus litis во превентивната улога. Во оваа фаза потребна е соработка од останатите чинители во училиштето, родителите, стручната служба или пак локалните совети во заедницата кои треба да дадат свој придонес во превенцијата и одвраќање на учениците од овие појави.

*Што треба да направи наставникот во рамките на своите компетенции?*

**ЧЕКОР 1** Набљудување, истрага и разбирање на причините за специфичното девијантно однесување на ученикот;

**ЧЕКОР 2** Да ги преземе активностите кои се предвидени во протоколот за превенција од првата фаза со цел да се обиде да го одврати или убеди ученикот дека постапките и активностите кои ги прави се некарактеристични за него и даваат лош пример за останатите и дека истите не се во согласност со Кодексот на однесување на училиштето.

**ЧЕКОР 3** Да го повика родителот на ученикот со цел да го информира за неговото девијантно, невообичено и несекојдневно однесување и дека истите не се во согласност со Кодексот на однесување на училиштето.

**ЧЕКОР 4** Да ги информира педагогот, психологот, директорот како и училишниот и наставниот совет за појавата на девијантни, невообичаени или несекојдневни однесувања кај одредени ученици со цел истите да преземат соодветни мерки.

Во оваа фаза постојат доволно елементи училишниот менаџмент да го информира локалниот совет во заедницата како и локалната единица на полицијата за настанатата појава, кои пак имаат должност да ја следат и да преземат соодветни мерки за одвраќање на овие појави помеѓу учениците. За таа цел, препорачуваме формирање на центар за пријавување во локалната заедница кој ќе има телефонска или on line платформа за пријавување на овие појави.

## ПРОТОКОЛ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД РАДИКАЛИЗАЦИЈА ВО ТРЕТА ФАЗА "АЛАРМАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ"

Учениците во оваа фаза честопати можат да ја преминат границата на дозволеното и да преземат активности во рамки на училиштето кои се нелегални и казниви според Кривичниот Законик на Република Македонија. Чинот на малтретирање, грубо навредување, загрозување на нечија сигурност или вршење на грубо насислтво при тоа предизвикувајќи чувство на несигурност се казниви дела. Во зависност од тоа дали ученикот тоа го сторил сам или во група, зависи и висината на казната. Во членот 386 од КЗ, се казнува и насилството кое се сторува за време на спортски натпревар. Во овој контекст, и учеството во тепачки и акти на насислтво во кои е лишен живот или на друг начин е нанесена телесна или тешка телесна повреда на друго лице е казниво дело според законот.

Казниво со закон е и подбивањето со националните, етничките или верските симболи. Ваквите активности можат да поттикнат национална, верска или расна омраза, раздор и нетрпеливост. Во оваа фаза на алармантно однесување, учениците можат несвесно да посегнат по вакви активности незнаејќи дека истите се казниви според закон.

Повикувањето на други лица да се придружат на групата која одреден ученик ја застапува не е казниво дело сè до оној момент кога истата ќе посегне по акти на насилство. Во тој случај, повикувачот свесно ги повикувал другите ученици да се придружат на групата со цел истата да добие на бројност и моќ. Самиот чин на формирање групи во училиштето и повикување на други ученици да се придружат е несвојствена активност за децата која бара од наставникот опсервација, истражување, разбирање и одговор на прашањето зошто одреден ученик или ученици формираат група. Тоа може да биде силен индикатор кој ќе го насочи наставникот да го следи развојот на ситуацијата и утврдување на крајната цел на групата.

Собирањето на средства за потребите на групата не е казниво дело. Но доколку средствата се собираат со цел истите да се употребат за извршување на насилство, тогаш лицето кое ги собира средствата свесно/несвесно извршува кривично дело.

Исто така, казниво со закон е подготвување за заминување и учество во зони каде насилни екстремистички групи се активни, во нестабилни региони или зони на конфликт.[6]

Иако компетенциите на наставниот кадар за превентивно делување во оваа фаза на активностите на учениците се надминати, сепак секое забележување на вакви активности во рамки на училиштето треба да бидат утврдени и соодветно пријавени до родителите на учениците или да го информира училишното раководство. Улогата на наставникот во оваа фаза нема да биде различна од улогите кои тој ги има во претходните фази. Тој треба повторно да врши набљудување, истрага и разбирање на причината за необичното однесување и активностите на учениците и да преземе потребни дејствија во согласност со неговите/нејзините надлежности.

[6] Пречистениот текст ги содржи следните измени и дополнувања на законот објавени во „Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.

*Што треба да направи наставникот во рамките на своите компетенции?*

**ЧЕКОР 1** Набљудувајте, истражете и разберете ги причините за специфичното девијантно однесување на ученикот;

**ЧЕКОР 2** Преземете активности кои се предвидени во Протоколот за превенција од првата фаза, со цел да се обидете да го одвратите или убедите ученикот дека активностите што ги извршува не се типични за него и претставуваат лош пример за другите ученици и дека таквите активности не се во согласност со кодексот на однесување на училиштето.

**ЧЕКОР 3** Повикајте го родителот на ученикот за да го информирате за девијантно, невообичаено и чудно однесување и активности на ученикот и дека тоа не е во согласност со кодексот на однесување на училиштето.

**ЧЕКОР 4** Информирајте го педагогот, психологот, директорот, како и советот на наставниците за појавата на девијантно, невообичаено и чудно однесување кај одредени ученици со цел да преземат соодветни мерки.

## ЗАБЕЛЕШКИ

- ✓ Од особена важност за наставникот е да ја разбере својата превентивна улога преку препознавање на рани знаци на радикализација кои можат да води до насилство. Во ниту еден случај, наставникот не смее да ја преземе улогата на полицискиот службеник или разузнавачката служба. Тоа може да доведе до обратен ефект, односно намалување на довербата помеѓу наставникот и ученикот компромитирајќи го нивниот однос.
- ✓ Доколку кај ученикот е препознаено девијантно однесување кое е нелогично и несекојдневно за него (отфрлање на авторитет, одбивање на комуникација и сл.), тоа не значи дека ученикот е радикализиран.
- ✓ Доколку кај ученикот е препознаено девијантно однесување кое е нелогично и несекојдневно за него и истиот свесно или несвесно презема активности кои се казниви по закон, наставникот е должен да го информира училишниот менаџмент за детектираната појава.
- ✓ При преземањето на сетот мерки кои значат одвраќање на ученикот од неговото девијантно однесување, наставникот треба да поведе внимание да не придонесе кон дискриминација на ученикот по верска, расна или етничка основа, негово омаловажување, истакнување како проблем, исфрлање на ученикот од колективот и слично. Таквите мерки можат да бидат контрапродуктивни.

# ПРИЛОГ 1

## ПРАКТИЧНИ СЛУЧАИ

1

**Ситуација 1:** Како треба да разговарам со своите ученици во врска со сетливи прашања, како што се радикализација која води до насилство, екстремизам, тероризам, воени конфликти и слично?

**Предизвик за наставниците:** Многу наставници не се чувствуваат сигурно да разговараат на овие теми, дури некои и одбиваат воопшто да се занимаваат со овие теми, па така ги одбегнуваат ваквите прашања кои им се поставуваат од страна на нивните ученици, тврдејќи дека ваквите прашања не треба да се дискутираат воопшто, и дека ситуацијата може да излезе од контрола. Сепак, ваквите прашања за учениците се многу важни и истите не треба да се избегнуваат од страна на наставниците, од причина што, учениците овие одговори доколку не ги добијат од нив ќе ги побараат надвор од училиштето и најчесто наидуваат на погрешни одговори кои ги наведуваат на друга, односно погрешна страна.

**Опција за акција:** Многу е важно училиштата да нудат можност за младите да дискутираат на вакви прашања. Доколку учениците немаат можност тие одговорите ќе ги побараат на други и најчесто погрешни места. Веќе споменавме дека возраста ги прави младите многу ранливи на негативните екстремистички пропаганди и ставови. Од тие причини ваквите безбедни места за разговор, каде ќе можат слободно да ги кажуваат и споделуваат своите размислување и грижи се неопходни. Вие како наставник, треба да

сте подготвени да одговорите на ваквите прашања кои не мора да се дел од вашата наставна програма. Важно е во ваквите ситуации, на смирен начин да отворите дискусија во која, покрај индивидуата која го поставува прашањето ќе ги вклучите и останатите ученици, особено оние кои се пасивни и не покажуваат интерес. На овој начин учениците ќе имаат можност да ги искажат своите ставови заеднички, да учат да ги ислушаат и почитуваат ставовите на другите. Доколку вие како наставник претходно сте подготвени за ваквите состојби (контроверзни прашања) во огромна мера ќе ви го намали стравот, и успехот за развивање на конструктивна дискусија ќе биде поголем.

Доколку ситуацијата излезе од рамките на дозволената дискусија и не може да се продолжи со истата, совет е наставникот да изнајде начин да ја смири ситуцијата (на пример: со гестикулација на рацете), а по завршувањето на часот да го извести директорот со цел да се превземат други неопходни мерки, кои се во согласност со училишните интерни правилници.

2

**Ситуација 2:** Како треба да се справам со конфликти кои се случуваат помеѓу учениците со различна етничка или религиска припадност?

**Предизвик:** Конфликтите помеѓу младите лица кои имаат различни размислувања на оваа школска возраст се нормални. Сепак, ваквите конфликти можат да се разгорат доколку станува збор за вклучување на теми за погледи кон религијата или одредени ставови за начинот на животот и слично. Во ваква ситуација наставникот ќе треба да внимава да не зазема страна и да не навреди некој од учениците. Доколку ученикот или група на ученици заземаат ставови и страна, започнат меѓусебно да се навредуваат и искажуваат говор на омраза, тогаш ќе треба веднаш да се започне дискусија во која ќе се инволвираат сите ученици, со цел заедничко прифаќање и меѓусебно разбирање. Дискусијата треба да биде конструктивна и секој кој сака да зборува треба да му се даде можност и да не се дозволи никој да доминира во ситуацијата.

**Опција за акција:** Во однос на прашањето за начинот на животот, вие како наставник може да започнете тактички да дискутирате со вашите ученици за темата на дискриминација со цел да им помогнете да воспостават правила за меѓусебен третман на почитување. Исто така, можете да им укажете на придобивките што ги носи различноста во едно општеството, и дека една од тие придобивки произлегува од фактот дека

почитувањето на различноста негува соживот и емпатија.

Во однос на религиска тема вклучена во конфликти кои можат да настанат помеѓу ученици, вие како наставник можете да им нагласите дека не сите конфликти во светски рамки секогаш се случуваат како резултат на разликите во религијата. Република Македонија е пример на држава која е мултиконфесионална и мултиетничка, и претставува одличен пример за почитување и негување на различните религии и толеранцијата во оваа насока. Многу важно е да при дискусијата на оваа тема, им укажете на учениците дека конфликтите не се решение за ваквите прашања, туку единственото решение лежи во дијалогот и меѓусебното почитување на различностите, од кои како што рековме треба да произлегуваат позитивни а не негативни реперкуси.

Доколку конфликтот продолжува да се случува и понатаму на другите часови, тогаш е неопходно да се извести директорот на училиштето но без знаење на учениците, со цел да се превземат други мерки кои се во согласност училишниот правилник.

## 3

**Ситуација 3:** Што доколку ученикот за време на часот по физичко при спортска игра започнува да ги навредува (по расна, етничка, полова и сл.)неговите другарчиња вербално, но и агресивно да делува да ги турка, удира и слично?

**Предизвик:** Можно е да постојат ситуации кога заради разни фрустрации или неправди кои ги доживува некое дете во и вон училиштето манифестираат вакви појави. Се јавува дилема во ваков момент дали постои загриженост дека ова би можело да биде некој ран знак за идентификација на радикализација на индивидуата која би можела да води кон насилство. Од прва гледна точка тоа се годините кога младите вообичаено манифестираат вакви односи, но сепак како што е опишано во делот за индикаторите не треба да се зема еден индикатор сам по себе туку треба да се согледува и прати ситуацијата на ученикот одреден период, како на тој час така и во разговор со колегите и на другите часови.

**Опција за акција:** Во ваков случај, најпрво би требало да ја прекинете за кратко спортската игра и да го запрашате ученикот во што е проблемот, исклучувањето од играта или бркањето од часот, никако немојте да ја земате како опција. Доколку има простор,совет е да започнете дискусија и ги вклучите и останатите ученици, и заеднички на конструктивен начин да

пробате да ја смирите ситуацијата и изнајдете решение на проблемот. Вие како наставник во ваква ситуација треба да им ја објасните целта на спортските активности и позитивната страна на колективната игра, дека спортот не дели луѓе по расна, верска, родова или етничка припадност и дека заедно може да се постигне многу повеќе. Како образложение на ова, се пропорачува да ги дадете примерите на многубројните, фудбалски, ракометни, кошаркарски и слични клубови кои во своите редови имаат играчи собрани од сите краеви на светот и дека сите нив ги спојува една и единствена работа, желбата за издвојување победа на утакмицата.

## 4

**Ситуација 4:** Што доколку ученикот побара од мене да го ослободам од часот за да оди да извршува верски обред?

**Предизвик:** При соочувањето со ваквото барање од страна на ученикот, многу важно во оваа ситуација е наставникот доколку нема претходно познавање за начинот и времето на спроведување на верскиот обред, претходно да се информира, со цел соодветно да одговори на барањето. Претходната подготовка на наставникот ќе му овозможи на посигурен и едноставен начин да им даде и соодтвено образложение за одлуката која би ја донел во насока на ваквото барање од страна на ученикот.

**Опција за акција:** Разговарајте со ученикот и укажетему на тоа дека ја разбирате и почитувате религиската определба и практикувањето на верските обреди, и објаснетедека нашата држава е секуларна и образованието е одвоено од религиозното учење и практицирање обреди додека се на училиште. Дадете му до знаење дека ги познаватеначините и временските периоди на практикување на верските обреди, и дека овие практики не мора да се спроведат веднаш туку и после одреден период во истиот ден, со што ќе разбере дека ваквото барање не држи. Понатаму, образложете дека образовните институции во наставна програма ги изучуваат основите на религиите, но истата не ги практикува религиските ритуали во училишните објекти, но и дека образовната настава не треба да се прекинува, нешто што и верските лидери би му го потврдиле, доколку ги праша. Кажете му дека одлуката да ги пуштат да отсуствуваат од часови ќе има реперкуси по наставникот. Исто така, многу важно е да им нагласите дека ваквата одлука не е поврзана со слободата на религијата, туку со правилата, сигурноста и безбедноста на учениците во кругот на образовниот систем и со кодексот на однесување во училиштето.

Доколку ученикот, не го послуша наставникот и замине без дозвола, и доколку ваквата пракса продолжува, тогаш би требало да се вклучи педагошкиот персонал кој би ги информирал, повикал и вклучил во конструктивна дискусија родителите, со цел заеднички да го решаваат проблемот. Доколку и ова не вроди со плод, тогаш е неопходно да се вклучи и директорот на училиштето, со цел да се превземат други мерки кои се во согласност училишниот правилник.

5

**Ситуација 5:** Што треба да направам доколку ученикот на часот по хемија или физика се интересира за некои специфични хемиски елементи кои се поврзани со подготовка и компонирање на експлозивна направа, дава примери и ги величи нападите врз човештвото од одредени минати или тековни конфликти?

**Предизвик:** Часовите по хемија и физика можат да привлечат различен интерес и прашања од страна на учениците. Наставникот треба да ја процени чувствителноста на тематската целина која ќе ја предава и да ги предвиди сензитивните прашања. Во ваквата ситуација ќе треба разговорот да го насочи во правец на потенцирање на позитивните карактеристики на тематската целина од кои се има корист.

**Опции за акција:** Поставетесе во позиција дека прашањето околу хемиските елементи е интересно и објаснете ги хемиските својства,туканајдобро е да активирате дискисија и да го наведете разговорот во правец на добивање одговори како, што е тоа кое го навело ученикот да го постави прашањето и да има интерес, постепено објаснувајќи му дека за повеќезнаење-ученикот може да присуствува на дополнителни часови -секцииипо физика и хемија каде се изведуваат и посебни експерименти. Во ваква ситуација наставникот ќе може да осознае дали ученикот поставил прашање само заради љубопитност и да биде интерсен за неговите соученици во класот од една страна, или ученикот е настојчив и инсистира да осознае евентуална посебна намера, од друга страна. Исто така, доколку интересот е пропратен со величења и коментари околу настани поврзани со бомбашки напади врз човештвото, тогаш претставува дополнителен елемент кој му дава сигнал на наставникот дека кај ученикот постои интенција за насилно екстремно размислување. Доколку ученикот покаже интерес да биде дел од секцијата, тогаш наставникот ќе премине во фаза кога ќе има „контрола“ над интересот и однесувањата на ученикот.

Доколку ученикот не го прифати предлогот на наставникот за учество во дополнителните часови, тогаш наставникот ќе продолжи да го мониторира и следи овој ученик одреден период дали ќе поставува вакви или слични прашања.

6

**Ситуација 6:** Што доколку ученикот за време на верските празници држи пост притоа губи концентрација на часот и не учествува во дискусија?

**Предизвик:** Има ученици во Македонија кои во текот верските празници и постови се воздржуваат од конзумирање на одредена храна и пијалоци што ваквата ситуација ги прави да се чувствуваат физички многу слаби, но и ментално неподготвени за следење на наставните часови. Ваквите случаи гиима и кај многу млади ученици и во основните училишта.

**Опција за акција:** Во вакви случаи најдобро е вие како наставник да разговарате со родителите на тие ученици и да им објасните дека тие се сеуште деца и млади за да се воздржуваат од храна и вода и дека тоа може да влијание најпрво на нивното здравје, а потоа и на нивната концентрација и успехот во училиштето. Понатаму, преку искрена и отворена дискусија, треба да им објасните на учениците дека ја разбирате желбата за практицирање на религиозните обврски, но дека покрај образовниот дел, вие сте одговорни и за нивното здравје и безедност во училиштето и затоа загрижено треба да им ги појасните негативните ефекти кои би можеле да се случат.

Доколку, ученикот не го послуша наставникот и продолжува да биде деконцентриран и не ја следи наставата, како и другите училишни тековни активности, тогаш е неопходно повторно да се вклучат родителите во заедничка дискусија.

7

**Ситуација 7:** Што доколку ученикот одбива да учествува во заедничките прослави на училиштето (матурски вечери, новогодишни прослави, традиционални настани, екскурзии надвор од градот или земјата и сл.)?

**Предизвик:** Организацијата и одржувањето на ваквите настани понекогаш од некој ученик или група на ученици наидува на негодување и неприфаќање да учествуваат. Ретко, но постојат вакви случаи кога некои ученици од разни причини не сакаат да бидат дел од ваквите школски активности. Вообичаено учениците не даваат некои одржани објаснувања, и можат да се поврзуваат со верски, традиционлани или кул-

турولошки ставови, но и немањето желба да се дружат со останатите ученици. Понекогаш одлуката може да биде наметната и од страна на родителите, кои во вакви ситуации обично се загрижени за безбедноста на своето дете, или пак причините можат да се и од финансика гледна точка. Понатаму, некои родители се загрижени од ваквите патувања или забави од причина што во овие ситуации децата многу лесно се опуштаат, и можат да дојдат во контакт со алкохол и дрога.

**Опција за акција:** Во вакви случаи, најдобро би било вие како наставник најпрво да разговарате со овие ученици, со цел да ги добиете причините за нивното негодување. Откако, успеете да ја добие вистинската причина, и ако е тоа заради родителите, тогаш најдобро било да се разговарате со нив и да пробате да ги убедите дека децата ќе бидат згрижувани од наставниците како нивни деца и дека ова негативно ќе влијае на нивното дете, односно го одвојува од своите другарчиња. Исто така, доколку се работи за екскурзии и традиционални настани, неопходно е навреме да ги информирате родителите, но и учениците дека овие активности се дел од наставната програма. Во однос на матурските вечери, потрудете се да им објасните на децата и на родителите дека ваквиот настан е можеби последното заедничко дружење со своите соученици и врсници, од причина што по завршувањето на средното училиште, ќе се разделат и секој ќе оди по својот пат и којзнае дали и кога ќе се сретнат повторно. Доколку е причината од финансиска природа пак, тогаш би можеле вие заедно со другите ученици да органазирате собирање на средства за помош на ученикот, со цел да му се овозможи да биде дел од заедничките школкси активности.

Доколку наставникот не успее да ги убеди, и доколку некои активности не влијаат на успехот на ученикот, тогаш не постојат начини учениците да бидат присилени и родителите да прават нешто за што едноставно сметаат дека не е потребно и не сакаат да го прават.

8

**Ситуација 8:** Доколку во училницата некој од учениците спомене нешто во врска со теорија на заговори, како треба да реагирам?

**Предизвик:** Некои ученици можат да започнат да зборуваат на теми за моментални политички случувања и тврдоглаво да се држат до нивните ставови. Може да стане збор за воени конфликти, верски и етнички тензии и слично. Учениците во вакви ситуации можат да изнесу-

ваат ставови и да тврдат некои теории дека сите војни во светот се покренати од одредена нација која им мисли лошо на останатите народи, различни од нив. Ваквите аргументи и теории на заговори, младите вообичаено ги наоѓаат на интернет, како еден од главните инструменти на денешнината за ширење на пропагандата.

**Опции за акција:** Факт е дека нашите училишта и наставниот кадар реално не се подготвени да можат да одговорат на овие прашања, но во соработка со одредени институции или со граѓанскиот сектор би можеле да организираат и спроведуваат образовни проекти за актуелни настани во земјата и странство. Ваквите анализи, теории и размислувања би можеле да бидат дел од образовниот процес по предметите историја, филозофија, географија и сл.

Во вакви ситауции вие како наставник, треба да воспоставите контрола во комуникацијата и не треба веднаш да го критикувате ученикот за неговите ставови. Направете атмосфера за отворена дискусија и инволвирајте ги останатите ученици во разговорот, со тоа што ќе побарате од нив да го објсанат и образложат нивното мислење за конкретната тема. Доколку се јават различни ставови помеѓу учениците, овозможете конструктивна дискусија во која од секој од нив ќе можете да побарате да изнесуваат аргументи и факти со кои би ја потврдувале нивната алтернативна теорија, на ваков начин учениците ќесе учат активно да се слушаат едни со други, но и да ги прифаќаат и разбираат различните ставови.Исто така, добро е да отворите дискусија и за добивањето на информациите, со што ќе им напомените дека во денешно време постојат и многу „лажни вести“ и „теории на заговор“ чија основна цел е да ја испревртат вистината.

Вие како наставник треба да им дадете до знаење на учениците, дека не треба да се игнорираат локалните, националните и глобалните проблеми и прашања, напротив треба да се дискутираат со цел да можат да се решаваат. Во оваа насока може да се отворат теми на дискусија за говор на омраза, дискриминација и ксенофобија со отворање на различни примери во светот кои ги погодувале разни групи на етнички, верски и други заедници, со цел да им се укаже дека вакви настани отсекогаш постоеле и дека не се насочени само кон една заедница.

9

**Ситуација 9:** Како да постапам доколку ученикот на часот по биологија или друг предмет кој се занимава со био-

лошки процеси и постанокот на светот и животот на планетата, ги негира ставовите на науката и вели дека книгите за човештвото (Куранот или Библијата), во зависност од вероисповеста на ученикот е само таа на која и верува и одбива да слуши и следи таква настава?

**Предизвик:** Можно е некој ученик да не се согласува со некои теории кои науката ги кажува, а не се во согласност со светите книги. Доколку се земе за пример постанокот на човекот, науката е во директна спротивност со она што светите книги го кажуваат, дека светот и човештвото е створен од „Господ / Алах“, но ова не треба да претставува поттик за конфликт, туку напротив треба да се земе како можност за одлична дискусија помеѓу учениците, во кои би можеле да дебатираат и разменуваат одржани аргументи со што би створиле една атмосфера на заедничка толеранција помеѓу различните интелектуални, културни и религиски погледи.

**Опција за акција:** Во ваква ситуација, ислушајте го ученикот до крај што има да каже. Во меѓувреме, може да го потпрашувате со цел да извлечете повеќе аргументи и тврдења од страна на ученикот. Повикајте ги и другите ученици да се вклучат во дискусијата со што ќе ги воведете во критичко и аналитичко размислување. Учениците треба да разберат дека нашата држава е секуларна,ги гарантира верските слободи и права и дека никој не може да биде присилуван своите религиозни ставови и размислувања да ги прилагодува со одредени научни ставови.

Препорака е родителите да се вклучуваат во ваквите дијалози доколку е неопходно. Доколку дијалогот е неуспешен, а ученикот се однесува игнорантски и одбива да присуствува на настава за време на тематската содржина, тогаш останува да се применат дисциплински мерки кои се во согласност со училишниот правилник.

**10**

**Ситуација 10:** Што треба да направам како наставник доколку ученикот раздава екстремистички или верски пропаганден материјал во училиштето?

**Предизвик:** Наставникот забележува дека некој ученик или група ученици раздаваат пропаганден материјал на другите соученици во училиштето и гласно ги повикуваат на одредени дејствија.

**Опции за акција:** Доколку пропагандниот материјал и повиците на учениците се екстремно насилни и повикуваат на насилни дејствија за-

ради спроведување акции за потребите на одредена кауза, тоа претставува кривично дело и тогаш е повеќе од јасно дека за вакви дејствија треба веднаш да се вклучи училишната управа и да се повика полиција. Споделувањето на пропаганден материјал може да претставува една врста на регрутирање на учениците, доколку тие што го споделуваат материјалот се веќе претходно радикализирани лица. Учениците на ваков начин многу лесно можат да се доведат во заблуда, од причина што се на возраст во која ги интересираат разни работи, особено ако се манифестираат на „сензационален“ начин.

Фактот дека, во нашата држава најголемиот број од борците кои заминаа во воените кофликти во Сирија и Ирак потекнуваа од исти населби и беа роднински и пријателски поврзани, упатува на сомнеж дека ваквиот начин на регрутирање на млади лица претставува опасност и може да има големи последици по учениците во училиштата.

За да се превенираат ваквите појави и активности, наставникот би можел да отвори дискусија на час со учениците во врска со влијанието на пропагандата и пропагандниот материјал, како во позитивен, така и во негативен контекст. На ваков начин ќе ги охрабри и поттикне учениците да дискутираат, критички да размислуваат, но и да открие кои од учениците се добро запознати со пропагандата и начинот на делување на истата.

11

**Ситауција 11:** Што треба да направам доколку видам ситуација, дека надвор пред училишниот двор има сомнителни лица кои ги застануваат и контактираат учениците?

**Предизвик:** Наставникот во одреден период приметува сомнителни лица кои се движат и задржуваат околу училиштето и притоа остваруваат непосреден контакт со учениците.

**Опции за акција:** Најпрво треба да ги распрашате учениците дали некој ги познава надворешните лица или се нивни роднини и пријатели, потоа се консултирате со училишната управа, контактирате со родителите на децата и на крај пријавувате во полиција. Но, пред да донесете одлука за пријава во полиција, следете ја оваа ситуација и овие ученици еден краток период за да видите дали ваквиот контакт продолжува да се остварува и дали овие сомнителни лица доаѓаат и се задржуваат пред училишниот двор.

Младите во овие години се многу ранливи и од тие причини лесно можат да подпаднат под влијание на криминални и радикални групи, кои младите ги гледаат како голем потенцијал за остварување на нивните цели. Одговорноста на наставниците е да се грижат за безбедноста на нивните ученици и да ги заштитат од ваквите обиди на навлекување во радикални или криминални структури.

**12**

**Ситуација 12:** Што ако ученикот нацрта некој етно-националистички симбол, како пиштол и нож, или ученик дојде со штитник со скелетна глава и слика со пиштол и нож, претставувајќи ги таканаречените "етно-националистички патриотски здруженија" кои се залагаат за десничарска идеологија за "Единствена држава". Ако се соочите со ваква или слична ситуација, што би направиле?

**Предизвик:** Носењето дуксерки со испечатени цртежи и симболи е вообичаена работа кај младата популација, но цртањето на симболот за време на час или на зидови по училницата претставува предизвик за наставникот и другиот училишен персонал да осознаат и препознаат што точно тие слики или симболи претставуваат. Многу пати, возрасните автоматски ќе претпостават дека ученикот е националист или полн со омраза, без да помисли зошто настанала ваквата ситуација. Можеби ваквите постапки се поврзани со адолесцентниот период наученикот,или па тоа произлегува од некое трауматско доживување насочено кон одредена расна или етничка група. Исто така, ваквите манифестации можат да бидат предизвикани и од притисокврвшен од врсниците. Затоа, се препорачува наставникот најпрво да проба подобро да ја разбере ситуацијата за да може да добие идеја за тоа како да постапи.

**Опција за акција:** Во ваков случај, наставникот најпрво би требало да разговара со ученикот и да го праша какво значење има симболот на неговиот дуксер и/или цртежот што го прави, со цел да дознае повеќе за причините на ваквата манифестација. Треба внимателно да го ислуша и во меѓувреме да го потпрашува дополнителни прашања со цел да започнат дискусија. Се препорачува наставникот да развие конструктивна дискусија на сите ученици со цел да ги разбере нивните ставови и видувања по однос на отпочната тема на разговор.

Овде се јавува дилема дали овие постапки и цртежи претставуваат знаци на почетна радикализација која би довела до насилство. Наставникот треба да ја прати ситуацијата во класот и да детектира дали и други ученици започнува-

ат да манифестираат вакви или слични појави и постапки карактеристични за специфичната идеолошко етничко-национаистичка групација.

Доколку, ученикот продолжува со истите постапки и мотивира други ученици да му се приклучат, тогаш е вистинскиот момент кога наставникот заедно со педагогот треба да ги повика родителите на разговор. Но доколку и после ова не се реши ситуацијата , се превземат други мерки кои се во согласност со училишниот правилник.